
Коцијанчич: Решението на кризите во Македонија и во Албанија е резултат на силна работа


И покрај ладното време лицата со посебни потреби не се откажаа од кампување


Иванов: Со Јордан постигнавме напредок во сферата на разузнавање и размена на информации

АРХИВА | КОНТАКТ | РЕДАКЦИЈА | МАРКЕТИНГ | ПРЕТПЛАТА | период од-до 2006 - 2017

Почетна | ВЕСТИ | КУЛТУРА | СПОРТ | МАГАЗИН

TUR 3,700.00 8.82 % OHB 4,680.95 2.90 % REPL 43,000.00 2.38 % RZLE 16.00 23.08 % RZUS 110.51 0.89 % STB 958.64 0.84 % STIL 90.00 3.71 % TKVS 2,5

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ


Tweet | Follow @UtrinskiVesnik | Ми се допаѓа 0

17.03.2011, 17:10

# НЕ МИ СЕ ТРЕСАТ РАЦЕТЕ ДОДЕКА ГО ФОТОГРАФИРАМ МАНЕ



**Драги Неделчевски го презентира животот на својот син заболен од церебрална парализа на фасцинантен начин**

**Катерина Богоева**

„Дали често ви се тресеа рацете при фотографирањето на Мане“? На ова наше прашање фотографот Драги Неделчевски, таткото што го фотографира својот 14 годишен син заболен од церебрална парализа, а црно - белите дела ги презентира на изложба под наслов: „Живот во кутија“, деновиве отсечно одговори: „Не, апсолутно не! Јас фотографирам повеќе од триесет години. Ако ви се тресат рацете додека фотографирате – фотографиите ќе бидат матни и технички лоши. Ако пак мислите на силниот емотивен набој додека го фотографирав сопствениот син во најразлични животни ситуации, одговорот пак е - не! Работата на фото есејот беше мое секојдневие и тоа одеше во пакет со сите редовни животни активности...“

Фасцинантниот авторски приод на фотографот од Тетово во создавањето и концепирањето на проектот каде светот на неговиот син е од другата страна на објективот, ја надмина претпоставената патетична линија и на гледачите во Скопје и Белград им понуди јасни и артистички моќни фотографии. Идејата да направи фото - есеј за животот на својот син Мане, што е неверојатно храбар потфат за документирање и презентирање на светот во неговиот дом, кај фотографот тлеела подолго време. „Директниот поттик дојде од страна на Роберт Јанкуловски, фотограф и директор на Македонскиот центар за фотографија од Скопје. Тој ми предложи да земам учество во проектот „Поинаков поглед“ поддржан од Швајцарската културна програма – Западен Балкан и да го направам фото - есејот. За мене тоа беше можност да ги поврзам љубовта кон моите деца и страста кон фотографијата, а воедно на јавноста да и понудам „поинаков поглед“ на животот на едно семејство со дете заболено од церебрална парализа„.

Изложбата„Живот во кутија“ која ја чинат 35 фотографии во кои се


Електронско издание



ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ

- НЕДЕЛНА ПАУЗА ЗА ПАРТИСКИТЕ ПРЕГОВОРИ ЗА НОВА ВЛАДА
- ВАРДАРКИ ГО ОСВОИ РАКОМЕНТНИОТ КУП НА МАКЕДОНИЈА
- ИБРАХИМИ: ИДНАТА ВЛАДА ДА ГО ПРОДОЛЖИ БАЊСКИОТ ОДМОР ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ
- ШЕСТА ПРЕМИЕРА НА " ГРЕТА ОД ФАУСТ" ВО БИТОЛСКИОТ ТЕАТАР
- НАЈГОЛЕМ ПАД НА ДОЛАРОТ ВО ПОСЛЕДНИТЕ 6 МЕСЕЦИ

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

14° СКОПЈЕ ВРЕМЕ

Ведро

| ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ | ПЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 22 | 22 | 21 | 21 | 19 |
| САБ | НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ |
| 21 | 22 | 24 | 26 | 25 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

Малиот Павел се пробуди од вештачката кома

Суспендирани 15 вработени во МВР за инцидентите во Собранието

Уставниот суд се премисли и ја симна забраната за барок на ГТЦ и МОБ

меморирани мноштво различни ситуации од животот на Мане, неговиот десетгодишен брат и родителите, во стан на третиот кат во станбена зграда без лифт, беше презентирана во „Мала станица“ во 2009 година, а до денеска, почнувајќи од 4 март беше поставена во „Артгет Галеријата“ во престижниот Културен центар на Белград.

„Тоа што во оваа изложба фотографот и уметник Ѓорѓе Одановиќ од Белград, професор на Академијата за уметност во Нови Сад (уметнички директор на „Артгет галеријата“ за минатата година), препозна изложба што вреди да ја види и белградската публика, за мене е голема чест. Горд сум што имав прилика да ја афирмирам македонската фотографија во Србија. Организацијата на изложбата од страна на Културниот центар беше на високо ниво, а публиката реагираше исто како и публиката во Скопје – топло и емотивно!“, рече Неделчевски, кој во каталогот за изложбата посочува дека „животот во кутијата“ е врзан за две соби, но и дека во него има тешки, но и убави моменти.

“Мане сака да слуша музика, да пие кафе, да се гали и да биде опкружен со најблиските. Многу е мил, но во исто време многу ’напорен’. Всушност, тој во семејството го диктира ритамот на живот. За него постои само сегашноста. Мане не е свесен за минатото и не знае што е иднина. Ако нешто му е потребно - тоа веднаш мора да се направи. Тој нема стресови, не пати како поголемиот дел од нас од комформизам и не е роб на навики, предрасуди и други форми на „општествено прифатливо однесување“.

Деветте месеци работа на фото - есејот за Неделчевски биле како што вели самиот, „тежок но, возбудлив животен и фотографски предизвик“, а потенцираше и дека на тој начин подобро го запознал и повеќе го засакал својот син.

Запрашан за родителските и авторски стравови што ги чувствувал кога започнувал да го фотографира Мане и низ какви се недоумици наидувал во опстојувањето на идејата, со оглед на стереотипниот однос на јавноста во земјава во третирањето на „помалку видливите човекови светови“, потенцираше:

„Стереотипниот однос на јавноста во земјава во третирањето на „помалку видливите човекови светови“, како што велите, за мене беше само предизвик повеќе. За тоа воопшто немам никакви комплекси. Верувам дека повеќето луѓе немаат вистинска претстава за тоа како изгледа животот на едно семејство со дете како Мане. Многу повеќе ме загрижуваше каков ќе биде ставот на мојата сопруга Оливера, синот Никола и воопшто моето семејство за идејата нашиот секојдневен, личен живот да го покажеме пред очите на јавноста. За среќа, моите најблиски реагираа величествено и ми дадоа поддршка во секој поглед.

Во право сте кога зборувате за родителските и авторските двоумења во текот на фотографирањето. Јас не бев во улога на непристрасен фотограф којшто пред себе има ’атрактивен објект за фотографирање’ и можност да направи необични, шокантни фотографии (иако имав безброј такви можности). Јас сум фотограф, но пред се татко на Мане. Секогаш кога требаше да му помогнам на Мане кога имаше епилептични напади, да и помогнам на Оливера околу облекувањето, капењето – јас го оставав фотоапаратот и тогаш бев татко“. А на прашањето што кај него лично се променило по презентирањето на фотографиите во јавноста, а што во семејството, меѓу соседите, во градот каде живее, Драги Неделчевски некако очекувано одговори:

„Знаете, ние дома сепак живееме еден нормален живот исполнет со сите радости и проблеми што ги носи животот (има ли семејство без некој проблем?). Затоа јас како фотограф, очекував критики (позитивни или негативни, сеедно) во врска со естетиката, техниката и мојот авторски приод кон фотографиите. Но, наместо тоа, добив силна емотивна и топла реакција на публиката. Тоа многу ме изненади. Тогаш станав свесен дека сепак сум направил нешто невообичаено за овие простори. И сето тоа со фотографијата“.

Неговото гледиште за претпоставената позитивна промена што во овој случај ја прави уметноста и за тоа што уште треба да се прави за светот на

Deutsche Welle

- Пипа кажа „Да“
- Моја Европа: Германско - полско помирување 2.0
- Германија: Еден милион слободни работни места

луѓето заболени од церебрална парализа да стане повидлив и поприемчив, го објасни со следните зборови: „Иако секој вид активност што им помага на овие деца и нивните семејства е добродојден, не сакав да барам пелени, прашок за перење и поставување на рампи ширум градот... Решив мојот глас да го дигнам токму со изложбата на фотографии и книгата со фотографии насловена, „Живот во кутија“. Сметам дека барем малку нашиот необичен свет го доближив до оние коишто не ни претпоставуваат како е секојдневно да се живее со предизвикот наречен церебрална парализа. И тоа е доволно“.

Неделчевски е еден од основачите на Фотокино клубот „Чкрап“, припадник на генерацијата фотографи што постави добри темели на фотографската сцена во Тетово, од каде континуирано се презентираат фотографии и на млади автори. Со фотографијата живее повеќе од триесет години. Вели дека се што научил за неа, научил сам. „Тој пат е тежок и скап. Сакав моето искуство да го пренесам на некој којшто ја сака фотографијата. Со поддршка на Цветан Гавровски од Фотосојузот на Македонија и Роберт Јанкуловски, ние, неколкумина поискусни фотографи од Тетово во 2003 година го основавме Фотокино клубот „Тетово“ познат како „Чкрап!“. Во него се зачленија многу млади луѓе, но десеттина од нив израснаа во врвни фотографи, кои ја одбележуваат денешната фотографска сцена во Македонија. Ние во „Чкрап!“ акцентот многу повеќе го ставаме на креативниот процес на фотографирањето, отколку на бројот на пикселите на современите фотоапарати... Убаво се дружиме, фотографираме... и оставаме трага за себе и за времево сегашно“.

Статијата е прочитана 4123 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

## ОСТАНАТИ ВЕСТИ

**Отворен конкурсот за 5. Сараевски талент кампус**
**„Сината птица“ на Метерлинк во Универзална сала**
**„Баклава“ го промовира новиот албум „Me mankas mucho“**
**Нови книги**

## КОМЕНТАРИ

**a.t**, 18.03.2011 19:05:38
Odlicen tekst, bravo za profesionalniot pristap edna vakva cuvstvitelna tema da ne se svede na patos prikazna!

Кликнете за оценка: 13 | 12